Во архивата: 10 0904
Рок на чување: 5 г.
31.12.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Примено: 28.12.2020
09 1151/1

До Општина Демир Хисар

**БАРАЊЕ**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

-Кои подзаконски акти ги има донесено Општината во текот на 2020/2021 година, а произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики (како на пример промена на Статут на општината) . Ве молам испратете ми ги електронска копија од актите со датум на донесување.
- Дали Општината има одредено службеник за млади врз основа на Член 23 од Законот за младинско учество и младински политики – ве молам наведете ми го името и презимето на лицето и датумот на одлуката?
- Дали општината има формирано Локален совет на млади (ЛМС)? Доколку е формиран ЛСМ, ми треба информација кој е именуван за претседател, датум на формирање на Советот, како и информација за процедурата со која бил формиран ЛМС.
- Дали во буџетот на Општината за 2021 година е одвоен законскиот 0,1% одреден во Законот за младинско учество и младиски политики. Ве молам наведете ми која е одвоената сума и под која ставка на општинскиот буџет?

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил ([redacted])**
- д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во: Скопје

Датум 28.12.2020 година
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
-----------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-1151/2
29.12.2020
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 28.12.2020 година [redacted] во својство на барател на информација од јавен карактер, до Општина Демир Хисар, во својство на имател на информации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-1151/1 на 28.12.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвиденот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер бр.09-1151/3 од 29.12.2020 година.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>Општина Демир Хисар<br>------------------------------------------<br>REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA<br>Municipality of Demir Hisar | Бр. 09-1151/3<br>29.12.2020<br>Општина Демир Хисар<br>"Битолска" бб<br>7240 Демир Хисар<br>Demir Hisar Municipality<br>"Bitolska" bb<br>7240 Demir Hisar<br>Тел/tel: 047 552 661<br>opstinademirhisar@yahoo.com<br>www.demirhisar.gov.mk |

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 28.12.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 28.12.2020 година под број 09-1151/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање бр.09-1151/2 и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации:

-Во текот на 2020 година, Општина Демир Хисар нема донесено подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики. Во измените и дополнувањата на Статутот на општината во 2014 година се вметнати одредби кои се однесуваат на Совет на млади,

-Општината има формирано Совет на млади со Решение бр.17-853/8 од 14.11.2017 година, од страна на Советот на Општина Демир Хисар, по предлог на Комисијата за избори и именувања. За Претседател е именуван Милко Кочовскиод Демир Хисар,

-Од ставката 464990 А0, во Предлог-буџетот на Општина Демир Хисар за 2021 година, може да се користат средства за младинско учество и младински политики, затоа што посебна ставка во структурата на буџетот не постои.

Изработил,
м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски